# Царска Русија: Нова Година

## 27. декември 2026. - 3. јануари 2027.
## 8 дена - 7 ноќи

Дочекајте ја Новата година во магичната зимска атмосфера на Москва и Санкт Петербург – два од највеличествените и највпечатливи градови во Европа. 

Прошетајте низ раскошно украсените улици на Москва, уживајте во празничната атмосфера на Црвениот плоштад и откријте ја богатата историја и архитектура на руската престолнина. Патувањето продолжува во елегантниот Санкт Петербург – град на палати, мостови и романтични канали, каде зимската магија и новогодишните светла создаваат незаборавно доживување.

Комбинација од култура, историја, празнична еуфорија и уникатна зимска бајка – идеално патување за сите кои сакаат Новата година да ја дочекаат на поинаков и незаборавен начин. ❄

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на групата и поаѓање**

Вечерен лет од Меѓународниот аеродром во Скопје до Санкт Петерсбург. Пристигнуваме во културната престолнина на Руската Федерација во раните утрински часови, имаме трансфер од аеродром до нашето сместување. **Ноќевање.**

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Санкт Петербург (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Трансфер од аеродром до сместувањето во Санкт Петербург

**Сместување**
Pulkovskaya Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Скопје, Истанбул, Санкт Петербург

**Ден 2: Факултативен излет - Санкт Петербург City Tour**FREE ИЗЛЕТ

Нашата авантура во Русија започнува! Појадуваме и се упатуваме кон авенијата **Невски проспект** каде ќе ги видиме **Казањската црква**, Дворскиот плоштад со **Зимскиот дворец**, **Исаковата црква** и градската куќа, споменикот на **Петар Велики**. Ги поминуваме сите важни споменици во овој дел на градот и продолжуваме кон **Петропавловската тврдина**, историското јадро на градот. Внатре во ѕидовите на Петропавловската тврдина се наоѓа и Петропавловската црква - гробницата на Романови. Во попладневните часови се враќаме во сместувањето. Вечерта имаме слободно време да искочиме во некои од локалните барови. **Ноќевање.**

**Сместување**
Pulkovskaya Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Санкт Петербург

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА - Санкт Петербург City Tour

**Ден 3: Факултативен излет - Ермитаж**

На овој ден не очекува **Ермитаж**, еден од најголемите музеи на светот. Овој комплекс го сочинуваат шест згради на брегот на Нева, а главната зграда е **Зимскиот замок**, некогашната резиденција на руските цареви. Околу 60.000 експонати се изложени во повеќе од 350 простории. Пешачиме низ историјата на човештвото, ги посетуваме саркофазите на старите египјани, римските мермерни споменици, артефакти од цивилизации кои никогаш не сме знаеле дека постојат и многу други експонати од областа на историјата и уметноста. Околу 4 милиони туристи годишно го посетуваат овој музеј во кој се наоѓаат и некои од најзначајните дела на познати уметници како Микеланџело, Да Винчи, Рембранд, Ван Гог, Пикасо итн.  Оттука продолжуваме кон **Катедралата на Св. Исак**, каде што ќе ги доживееме раскошот и моќта на руската црква.

**Сместување**
Pulkovskaya Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Санкт Петербург

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Ермитаж

**Ден 4: Факултативен излет - Петерхоф и Царското село**

**Петерхоф**, замокот на легедарниот Петар Велики. Домот на рускиот имератор кој ја има претворено Русија во западна светска сила. Замокот се наоѓа на 20км западно од Санкт Петербург, на брегот на Финскиот залив. Во овој дел на нашата авантура ќе го забележиме западноевропското влијаније врз оваа земја. Комплексот се состои од неколку палати и градини, а граден е како летна палата и замок за забава на Петар Велики, по угледот на Версај. Понатаму продолжуваме кон палата на **Катерина Велика**, руската императорка која имала голем удел во руската историја, а воедно и служела како инспирација за името на Југословенскиот бенд ЕКВ. Палатата за време на два века претставувала летна резиденција на руските цареви. После Октомвриската револуција, комплексот на замоци и паркови бил претворен во музеј. Враќање во сместувањето. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Pulkovskaya Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Санкт Петербург

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Петерхоф и Царското село

**Ден 5: Moscow Highlights FREE ИЗЛЕТ и СРЕЌНА НОВА ГОДИНА!**

Утрото го напуштаме сместувањето и се упатуваме кон железничката станица. Имаме трансфер со воз за Москва. Попат уживаме во руските пејзажи и села кои во огромното пространство се губат меѓу густите шуми. По пристигнувањето во Москва се сместуваме и започнуваме да ја истражуваме престолнината на Русија. Започнуваме со легендарниот **Црвен плоштад, Кремљ, Црквата на Василиј Блажени** -- трите икони на модерната руска држава и култура. Продолжуваме кон **Бољшој театар**, Храмот на Христос Спасителот, **Новодевички манастир**, видиковецот **Врабечји ридови** и **Универзитетот „Ломоносов“**. Завршуваме со **Поклонаја гора (Парк на победата)** која ја комеморира огромната жртва на рускиот народ во Втората светска војна. Го посетуваме **Московското метро**, едно од најубавите и најстарите метроа во светот, каде што дури 44 станици имаат статус на **културно наследство** на Русија. Застануваме на неколку од најзначајните метро станици, кои наликуваат на музеи богато украсени со скулптури, мозаици, позлатени флорални орнаменти, мермерни столбови и портрети на национални херои. По нашиот незаборавен излет се враќаме во нашето сместување. Вечерта се подготвуваме и искачаме на некоја пијачка за да ја прославиме Новата Година! **Ноќевање.**

**Превоз**
Трансфер од сместување до железничката станица
Трансфер од Санкт Петерсбург до Москва
Трансфер од железничката станица до сместувањето во Москва

**Сместување**
Hotel Izmailovo Alfa **(1 ноќ)**

**Место**
Санкт Петербург, Москва

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА - Moscow Highlights

**Ден 6: Факултативен излет - Moscow City Tour**

По појадок, овој ден го продолжуваме нашето истражување на срцето на Русија -- Москва. Започнуваме со **Кремљ**, најстариот дел на Москва и нејзиниот политички, духовен и историски центар. Огромен комплекс неповторлив по својата архитектонска и уметничка убавина. Влегуваме во еден од најважните политички и историски центри на #целсвет! Започнуваме со Успенската (соборна) црква, каде што биле крунисани сите руски цареви. Изградена е од италјанскиот архитект Аристотел Фиораванти, кој бил киднапиран од Царот Иван III Велики за да го дизајнира еден од најголемите симболи на Москва и Русија воедно. Продолжуваме со посета на Архангелската црква, Цар-ѕвоното и Цар-топот. Дали знаевте дека Цар-ѕвоното е најголемото ѕвоно на #целсвет, кое ни еднаш не било засвирено. Не го пропуштаме ниту музејот Панорама на Бородинската битка, посветен на војната со Наполеон во 1812 година. Главниот експонат на музејот е панорамата, огромно насликано платно со димензии 115x15м -- кое е насликано во затворен круг (360 степени) и претставува еден од најтешките моменти од битката на Бородинското поле. По нашиот целодневен излет се враќаме во нашето сместување и имаме слободно време да се напиеме по некоја водка во некој од локалните барови. ***Ноќевање***

**Сместување**
Hotel Izmailovo Alfa **(1 ноќ)**

**Место**
Москва

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Moscow City Tour

**Ден 7: Факултативен излет - Sergiyev Posad и можност за посета на Ѕвездениот Град**

По појадокот се упатуваме започнуваме во факултативниот излет -- Sergiyev Posad. Еден од најстарите руски манастирски комплекси и центарот на руската духовност. Овој манастирски комплекс се наоѓа надвор од градот Ја разгледуваме Троице-Сергијевата Лавра, бисер на староруската уметност и архитектура. Лаврата, развивајќи се од осамена дрвена црква среде шума во XIV век, имала различни улоги кои биле од големо значење за руската историја. Во склоп на овој манастир се наоѓа и работилницата за играчки која прва ги има произведено познатате кукли Матриошки (Бабушки). Овој ден има и можност за организација за дополнителен излет -- Посетна на Ѕвездениот Град (Zvyozdny Gorodok).

Ѕвездениот Град е место во Московскиот регион каде што се наоѓа главниот руски центар за обука на космонаути. Историски, тој има големо значење како место за обука на руските космонаути, вклучувајќи го и Јуриј Гагарин, првиот човек во вселената. Ѕвездениот Град е отворен за посетители, но пристапот е строго регулиран и бара специјална дозвола поради неговото стратешко значење. Барањата за дозвола обично треба да се поднесат најмалку 35 работни дена однапред. За разлика од музеите, ова е вистински тренинг-центар каде што астронаутите сè уште се подготвуваат за вселенски мисии. Се посетува Центарот за обука на космонаути „Јуриј Гагарин“ (GCTC) – Срцето на руската вселенска програма, каде што Јуриј Гагарин се обучувал пред да стане првиот човек во вселената. Може да се видат симулатори на вселенски летала – реплики во природна големина на вселенските летала „Сојуз“, каде што космонаутите се обучуваат за вистински вселенски мисии; лабораторија за неутрална пловност – Резервоари со вода каде што астронаутите вежбаат работа во услови на бестежинска состојба; Обука за вселенски прошетки – како космонаутите се подготвуваат за излегување во вселената со помош на напредна симулациска технологија. Понекогаш има можност за средба со космонаути (пензионирани космонаути) и слушање на нивните приказни од прва рака за патувањата во вселената.

**Сместување**
Hotel Izmailovo Alfa **(1 ноќ)**

**Место**
Москва

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Sergiyev Posad

**Ден 8: Враќање и крај на патувањето**

Пакување и напуштање на хотелот. Трансфер до аеродром и лет за Скопје.**Крај на патувањето.**

**Превоз**
Трансфер од сместувањето до аеродром
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Москва - Истанбул(Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Москва, Истанбул, Скопје

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Цени и услови**

| **Што е вклучено** |
|---|
| Регуларна цена<br>**2.199,00** EUR |
| **ПРОМО ПОПУСТ!**<br>Попустот важи **за првите 4 пријави!**<br>**1.999,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Виза за Русија

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

**Факултативни излети**

**ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА - Санкт Петербург City Tour**

Санкт Петербур, порано познат како Ленинград или Петроград. Центарот на најголемите истористи случувања во раниот 20ти век и империјалната престолнина на Царска Русија. Овој град е изграден од страна на Цар Петар Велики инспириран од францускага архитехтура и престиж во 18ти век. Денес Санк Петербург е културниот центар на Русија и убедливо најпосетениот град. Почнуваме ние со Невски проспект или Невска авенија - најдолгата и најважната улица во градот, на брегот на реката Нева со бројните палати и продавници, Казањската црква од 19-ти век изградена по примерот на базиликата Св. Петар во Рим која претставува монументален споменик на руската победа над Наполеон, Продолжуваме со Дворскиот плоштад со столбот на рускиот цар Александар и Зимскиот замок кој бил официјална резиденција на руските цареви цели два века и кој во 1922 година е припоен со Ермитаж, Ермитаж - музејот и еден од најзначајните музеи на светот чија основна поставка ја сочинува збирката на руската царица Катарина Велика, Исакијевската соборна црква и градската палата, Споменикот на Петар Велики - брозен коњаник на Сенатскиот плоштад и првиот споменик поставен во Русија на барање на Катарина II. Завршуваме со посетата на Петропавловската тврдина во историското јадро на градот, во чии ѕидови се наоѓа и Петропавловската црква - гробницата на Романови.

**Ермитаж**

**Цена**: **50,00** EUR

Одиме во музејот Ермитаж, вториот најголем музеј во светот со најмногу егзибиции. Сместен е во 6 згради од кои главната зграда е Зимскиот замок кој некогаш бил официјалната резиденција на руските цареви, а го проектирал италијанскиот архитект Бартоломеј Растрели, сместувајќи го на брегот на реката Нева, точно спроти златните кули на црквата Св. Петар и Павле. Ермитаж е еден од најголемите, најубавите и најстарите уметнички галерии во човековата историја. Внатрешноста е исполнета со бел мермер, раскошни простории со столбови, кристални лустери и шарени мозаици. Во овој музеј можете да уживате во делата на Леонардо да Винчи, Микеланџело, Рафаело, Тицијани, Рембранд, Рубенс, Реноар, Ван Гог, Гоген... Доколку сте љубители на историјата, во овој музеј има артефакти од скоро сите цивилизации што некогаш постоеле на светот, од најстарите номадски племиња до старите египјани, грци, римјани, персици и по пресметка на статистичарите, за да го видите целиот музеј, а притоа на секое дело се посветите само 1 минута, ќе ви бидат потребни цели 10 години. Овде дефинитивно ќе видите егзибиции кои ќе ве натераат повторно да се вратите во овој неверојатен архив на човековата историја и уметност. После тоа одиме во Исакиевски собор, овој храм посветен на Светецот Исак е симбол за моќна на руската црква во минатото и денес.

**Петерхоф и Царското село**

**Цена**: **175,00** EUR

Дали некогаш сте посакале да ја искусите величественоста на руската аристократија? Петерхоф и Царското село ни го нуди токму тоа. Станува збор за грандиозен комплекс со палати и паркови, изграден е во својство на кралска палата на Петар Велики во 1711 година. Го нарекуваат и рускиот Версај, бидејќи бил инспирација за Петар Вилики да го изгради Петерхоф. Се наоѓа под заштита на УНЕСКО уште од 1990 година. Темата на свеченото отворање била руската победа во Големата северна војна. Највпечатливата знаменитост во градината е големата каскада со 64 фонтани и 37 позлатени скулптури. Петерхоф бил окупиран од страна на нацистите од 1941 до 1945 година кога прилично го имаат уништено. Обновата започнува веднаш по ослободувањето, а трае и до ден денес. Во цената на излетот е вклучено: превоз по предвидениот план и програма, влезници за комплексот, слушалки и стручен водич на српски јазик.

*Напомена: Сите влезници за овој излет се вклучени во цената!!*

**ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА - Moscow Highlights**

Панорамско разгледување на градот со автобус: центарот на градот, Црвениот плоштад, Кремљ, Црквата на Василиј Блажени, Бољшој театар, Храмот на Христос Спасителот, Новодевички манастир, видиковецот Врабеќи ридови и Универзитетот „Ломоносов“, Поклонаја гора (Парк на победата). Го посетуваме Московското метро, едно од најубавите и најстарите метроа во светот, каде што дури 44 станици имаат статус на културно наследство. Застануваме на неколку од најзначајните метро станици, кои наликуваат на музеи богато украсени со скулптури, мозаици, позлатени флорални орнаменти, мермерни столбови и портрети на национални херои.

*Напомена: Излетот не вклучува влезници во наведените локалитети*

**Moscow City Tour**

**Цена**: **95,00** EUR

Започнуваме со **Кремљ**, најстариот дел на Москва и нејзиниот политички, духовен и историски центар. Огромен комплекс неповторлив по својата архитектонска и уметничка убавина. Влегуваме во еден од најважните политички и историски центри на #целсвет! Започнуваме со Успенската (соборна) црква, каде што биле крунисани сите руски цареви. Изградена е од италјанскиот архитект Аристотел Фиораванти, кој бил киднапиран од Царот Иван III Велики за да го дизајнира еден од најголемите симболи на Москва и Русија воедно. Продолжуваме со посета на Архангелската црква, Цар-ѕвоното и Цар-топот. Дали знаевте дека Цар-ѕвоното е најголемото ѕвоно на #целсвет, кое ни еднаш не било засвирено. Не го пропуштаме ниту музејот Панорама на Бородинската битка, посветен на војната со Наполеон во 1812 година. Главниот експонат на музејот е панорамата, огромно насликано платно со димензии 115x15м -- кое е насликано во затворен круг (360 степени) и претставува еден од најтешките моменти од битката на Бородинското поле. По нашиот целодневен излет се враќаме во нашето сместување и имаме слободно време да се напиеме по некоја водка во некој од локалните барови

*Напомена: Излетот се реализира со јавен превоз.*

**Sergiyev Posad**

**Цена**: **90,00** EUR

Запловете во душата на руското православие со посета на Сергиев Посад, домот на величествениот Троицки манастир на Свети Сергиј – светско наследство на УНЕСКО и еден од најпочитуваните манастири во земјата. Град кој се наоѓа близу Москва, овој живописен комплекс има илјадници златни куполи, богата историја и мирна атмосфера совршена за љубителите на културата и духовноста. Еден од најстарите и најголемите руски манастирски комплекси, центар на руското православие и духовност, порано резиденција на рускиот патријарх. Започнуваме со посета на Троице-Сергијевата Лавра, бисер на староруската уметност и архитектура. Црквата Лаврата, која е изградена сред шума во XIV век, имала различни улоги кои биле од големо значење за руската историја. Без разлика дали восхитувате на сакралната уметност или шетате низ тивките манастирски дворови, Сергиев Посад е вистинска порта кон вечните руски традиции.

**Сместување**

**Pulkovskaya Hotel** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Pulkovskaya Hotel е хотел со 4* (по локална категоризација) во Санкт Петербург, Русија. Хотелот се наоѓа на Московскиот Проспект, во близина има стотици кафулиња и ресторани, трговски центри, паркови и елегантни историски згради. Во близина на хотелот има и метро станица која не поврзува со целиот град. Се сместуваме во двокреветни соби кои имаат сеф, мини-бар, електричен kettle и клима уред. Хотелот располага со 2 ресторани, бар и фитнес центар.

*Услугата е на база ноќевање со појадок*

**Hotel Izmailovo Alfa** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелот се наоѓа во рамки на познатиот Izmailovo комплекс и на само неколку чекори од метро станица, што овозможува брз и лесен пристап до центарот на Москва и главните туристички атракции.
Izmailovo Alfa Hotel располага со комфорни соби опремени со клима уред, приватна бања, телевизор и бесплатен Wi-Fi. Во рамки на хотелот има ресторан, бар, како и дополнителни содржини кои овозможуваат пријатен престој.
Голема предност на овој хотел е неговата одлична поврзаност со јавен превоз, близината до продавници, ресторани и локални атракции, како и можноста за полесна организација на дневните активности и разгледи во слободното

**Сајт**
https://alfa-hotel.ru/

**Адреса**
Izmaylovskoye Shosse
71 корпус а
Moscow
Russia
105187

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Санкт Петербург**

Градот е лоциран на реката Нева и од 1924г. до 1991г. го носел името Ленинград. Најважното руско пристаниште на Балтичкото море. Во градот се наоѓа најголемиот музеј на светот Ермитаж и омилена дестинација на туристите за време на "Белите ноќи". Во два наврати бил Руска престолнина (краток период во XVIII век и од крајот на XVIII век до почетокот на XX век). Денес, многумина го споредуваат со Париз заради музеите и богатата култура но исто така го нарекуваат и "Северна Венеција".

**Москва**

Престолнина и најброен град во Русија. Во околината на градот течат реки кои се вливаат во 5 мориња, па Москва ја нарекуваат и "Град на 5 мориња". Прочуениот Црвен плоштад, Телевизиската кула, Бољшој театарот се само дел од атрактивните места кои треба да се посетат во Москва.

**Корисни информации**

**Русија**

**Русија** (Руска Федерација) се простира во делот на источна Европа и северна Азија и е со површина од преку 17 000 000 квадратни километри. Русија е најголемата држава на светот и покрива два пати поголема територија од Канада, Кина или САД, гледани поединечно. Се граничи со 18 држави и по број на жители е на деветто место во светот. Официјалниот јазик е руски, а главен и најголем град е Москва.

- **Визи:** Потребна е виза за престој.
- **Здравствена ситуација:** За влез во земјата не е потребна вакцина. Се препорачува конзумирање на флаширана вода.
- **Временска зона:** Санкт Петебург, Москва, Казањ се наоѓаат во UTC+03:00 временската зона, односно + 1h во однос на Македонија. Екатеринург се наоѓа во UTC +05:00 временската зона, односно +3h во однос на Македонија. Иркуцк и Улан Уде се наоѓаат во  UTC +08:00 временската зона, односно +6h во однос на Македонија. Владивосток се наоѓа во UTC +10:00h временската зона, односно +8h во однос на Македонија.
- **Клима:** Поради влијанието на Атлантикот, повеќето региони кои припаѓаат на Европска Русија, во некои делови на Сибир и рускиот Далечен Исток, вклучувајќи ги и Москва и Санкт Петебург, поседуваат поблага контитентална клима. Повеќето северни подрачја на на Европска Русија и Сибир, помеѓу Скандинавија и Пацификот имаат субарктичка клима која се карактеризира со остра зима.
- **Храна и пиење:** Кујната е тесно поврзана со општествените промени кои се случуваат ноз нејзината историја и денес таа претставува спој на сите народи кои

ја опкружуваат. Житариците и зеленчукот претставувале основа на исхраната на поголемиот дел од населението, како и на насолените јадења, каши, супи, леб и пецива. Лебот се правел исклучиво од 'ржано брашно, чисто, или со додаден јачмен. Некои од најпознатите јадења се секако боршч, пирошки кисел, блини, гогол могул, пашка и шарлотка.

- **Сигурност:** Безбедносната ситуација е стабилна, со забележително зголемен степен на безбедносна конртола и засилени мерки и активности на руските безбедносни органи. Зголемено е присуството на полиција на метро станиците, аеродромите, железничките и патните сообраќајници, како и на туристичките локации и во трговските центри. Сепак, се препорачува особено внимание на јавни места, избегнување на масовни собири и места со голем број на луѓе, како и посета на поголемите трговски центри. Посетителите се советуваат нда ги следат информациите во средствата за јавно информирање и да се придружуваат на упатствата на јавните органи и да соработуваат со нив.
- **Облека:** Без разлика дали патувате во Русија во пролет или есен, се препорачува слоевито облекување поради разликите помеѓу утринските и пладневните температури. Секако Ви советуваме да понесете удобни обувки како и тенка јакни за вечерните часови.
- **Локална валута:** Официјална валута во РУсија е рубља (RUB) и таа е единственото дозволено средство за плаќање. Плаќање со странски валути не е дозволено. Според последниот курс 1е = 73 рубљи, 1$ = 62 рубљи. Може да се употребуваат платежни картички American Express, VISA, Diners Club и Master, но Ви советуваме да понесете и готовина. Постои широка мрежа на менувачници, но треба да водите сметка за курсните разлики и наплатата на провизија.
- **Струја:** Не е потребно да понесете адаптер за електрична енергија. Струјата во Руската Федерација е на 220 волти и можете да ги користите нашите стандардни полначи.

**Важни напомени**

**Напомени:**

**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.

- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.